Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за информатичко општество и администрација
Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës
Бр. - Nr 08-1281/1
16.03.2023 год. - viti
Скопје / Shkup

Република Северна Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës**

**До: Министерство за труд и социјална политика**
**Сектор за еднакви можности**
**Архивски број:** 08 – 1281/1
**Датум:** 16.03.2023
**Предмет: Родово буџетски извештај за 2022 година**

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за доставување на Родово буџетски извештај за 2022 година, Министерството за информатичко општество и администрација во прилог на овој допис Ви го доставува пополнетиот образец.

Со почит,

Министер за информатичко општество и администрација

**Dr. Azir Aliu**

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за информатичко општество и администрација
Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës
Скопје - Shkup

Подготвил: Нита Исмаили Н.Исмаили
Симона Манева


Министерство за информатичко општество и администрацијана Република Северна Македонија
Ministria e Shoqërisë Informatike dheAdministratës Republika e MaqedonisësëVeriut

Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „Shën. Kirili dhe Metodi“ nr. 54, Shkup
Republika e MaqedonisësëVeriut

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ ЗА 2022 ГОДИНА

## 1. Податоци за избраната Програма

**Име на програмата:** Е-обука за родова еднаквост на административните службеници

**Сектор (организациона единица) надлежен за спроведување на програмата:**

Академија за обуки

**Вид на програмата**

- ☐ Хоризонтална
- ☐ Вертикална

**Поврзаноста на програмата со стратешките политики, документи во односната сфера и со политиките и стратегиите за родова еднаквост:**

Обврските и активностите поврзани со програмата Е-обука за родова еднаквост на административните службеници континуирано продолжуваат со новата Стратегија за родова еднаквост 2022-2027. Програмата претходно беше поврзана со Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020.

## 2. Вовед

**Краток осврт на програмата: Е-модули за родова еднаквост**

Во 2017 година, МИОА во соработка со Министерството за труд и социјална политика имаше преземено иницијатива за унапредување на знаењата за родовата еднаквост на административните службеници. Министерството за труд и социјална политика со поддршка на UN Women и ангажирани експерти, изработи два модула за електронско учење (основен и напреден) наменети за зајакнување на знаењата на вработените во администрацијата за прашањата од областа на родовата еднаквост. Обврската за изработката на модулите за родова еднаквост произлезе од Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020 и Акцискиот план за родова еднаквост 2013-2016 преку кој се имплементира Стратегијата. Но, исто така

преку новата Стратегија за родова еднаквост 2022-2027 ќе продолжи да се спроведува програмата за е-обуки. Имено, во првата фаза се задолжија административните службеници вработени во органите на државната управа и им се препорача на вработените во единиците на локалната самоуправа да ги проследат Е-модулите за родова еднаквост. Во однос на слушатели на Е-обуката за Родова еднаквост заклучно со декември 2018 година состојбата е следната:

- Во однос на Е-обуката за Родова еднаквост заклучно со декември 2018 година состојбата е следна:

1. Основно ниво- 1583 корисници (административни службеници) целосно ја завршиле обуката, а 8120 корисници сеуште ја следеле.
2. Напредно ниво - 1584 корисници целосно ја завршиле обуката, а 7175 корисници сеуште ја следеле.

- Во однос на Е-обуката за Родова еднаквост заклучно со декември 2019 година состојбата е следна:

1. Основно ниво- 6 корисници (административни службеници целосно ја завршиле обуката, а 34673 корисници сеуште ја следеле.
2. Напредно ниво - 447 корисници целосно ја завршиле обуката, а 14827 корисници се уште ја следеле.

Важно е да се истакне дека во текот на 2020, 2021 и 2022 година ЛМС системот на МИОА многу често беше во фаза на надградба, со што не беше целосно достапен за корисниците. Но, во периодите кога ЛМС беше оперативен, административните службеници имаа можност да ги следат основниот и напредниот модул за родова еднаквост. Секако, мора да се напомене дека се работи за кратки периоди на функционалност на самиот систем, па оттука произлегуваат малите бројки на проследени обуки, кои за жал во 2022 година изгледаат вака:

1. Основно ниво – само 40 корисници (административни службеници) кои целосно ја завршиле обуката.
2. Напредно ниво – само 28 корисници (административни службеници) кои целосно ја завршиле обуката.

## 3. Позадина/контекст

Министерството за информатичко општество и администрација го води Системот за управување со учењето (LMS), кој претставува веб базирано решение преку кое вработените во институциите следат генерички е-обуки. Системот е развиен и во функција уште од 2014 година, и на него се поставени повеќе од 20 е-обуки кои ги имаат посетувано вработени од органите на државната управа но и општините. Обуките на вработените се дел од редовното работење на јавната администрација, а Електронскиот систем за управување со учењето (СУУ/LMS) е начин да се обезбеди пристап до обуки на вработените од било каде и било кога.

Е-обуката за родова еднаквост ја има токму ова функција, препознавање на важноста на родовата еднаквост како концепт и подигање на свеста за ова прашање на администрацијата. Откако беа изработени модулите, истите беа

поставени во електронскиот Систем за управување со учењето (СУУ/LMS) и се користат од страна на административните службеници. Во периодот 2018 – 2019 година, Е-обуката за родова еднаквост (основно и напредно ниво) е достапна во Електронскиот систем за управување со учењето (СУУ/LMS). Интенцијата е секој вработен во администрацијата задолжително да ја заврши Е-обуката за родова еднаквост која е предвидена во две фази. Како во 2018 година, така и во 2019 активностите се реализираат согласно предвидениот тек. Во првата фаза се задолжија административните службеници вработени во органите на државната управа и им се препорача на вработените во единиците на локалната самоуправа да ги проследат Е-модулите за родова еднаквост. Во врска со втората фаза – им се препорача на сите институции од јавниот сектор да ги задолжат своите вработени да ја проследат споменатата обука во текот на 2019 година, која исто така се одвива во рамките на предвиденото. Во текот на 2020, 2021 и 2022 година системот во поголем дел од времето беше нефункционален поради технички проблеми и надградба, па поради тоа во тие години имаме значително намалување на бројот на завршени и реализирани обуки. Имајќи ја предвид заложбата на Владата на РСМ за подигнување на свеста за областа на родовата еднаквост помеѓу сите вработени во државната администрација, се очекува периодот за реализацијата на Е – обуката за родова еднаквост да заземе се поголеми размери. За непречено и успешно спроведување на Е-обуката за родова еднаквост, а соодветно на капацитетите на Електронскиот систем за управување со учењето (СУУ/LMS), активноста се очекува непречено да продолжи во текот на 2023 година. СУУ/LMS генерира извештаи со повеќе информации (на пример колку од посетителите на е - обуката биле мажи колку жени, од која институција итн.).

## 4. Остварени резултати, промени и влијанија (се следат почетните состојби и индикаторите кои укажуваат на промени)

Министерството за информатичко општество и администрација и во иднина планира да ги спроведува активностите за промоција на придобивките и ефектите од програмата е - обука за родовата еднаквост на административните службеници во сите институции, со вклученост на координаторите и замениците координатори за еднакви можности во промовирање на ефектите од е - обуката во самите институции каде што работат. Зајакнати капацитети (знаења и вештини) кај административните службеници за вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките, програмите и проектите кои ги спроведуваат институциите останува сеуште заложба, која со враќањето на функционалноста на Системот за управување со учењето значително ќе придонесе кон нејзино реализирање, односно институциите да ја вклучуваат родовата перспектива во програмите и потпрограмите од Стратешкиот план.

Исто така, подигната е свеста за важноста на водењето на родово разделена статистика во сите аспекти од работата. МИОА води родово разделена статистика за административните службеници кои ја слушале обуката за родова еднаквост.

Сите податоци достапни за административните службеници кои ја завршиле е - обуката за родова еднаквост се разделени по пол, со цел врз основа на овие статистики да се прават анализи и да се креираат програми, мерки и препораки за зголемување на бројот на административните службеници кои ќе ја следат е-обуката.

Сепак, и покрај кратките периоди на функционалност на СУУ/LMS и малиот број на корисници во 2022 година, постои нагорен тренд на жени кои ги завршиле обуките и во основно и во напредно ниво, и тоа:

1. Основно ниво: 26 жени наспроти 14 мажи и
2. Напредно ниво: 22 жени наспроти 6 мажи.

## 5. Анализа на буџетски алокации

Од Буџет на Министерството за информатичко општество и администрација за 2022 година, за промовирање на LMS (Системот за управување со учењето) и е-обуката Министерството за информатичко општество администрација предвиде буџетски средства за набавка и одржување на LMS (Систем за управување со учењето), во вкупна вредност од 1.200.000,00 денари.

## 6. Тесни грла и научени лекции

Техничките проблеми и честите надградби на Системот за управување со учењето претставуваат навистина голема пречка за постигнување и реализација на сите цели и активности кои се предвидени со воведување на Е-обуките за родова еднаквост кај административните службеници.

## 7. Заклучоци и препораки

Во текот на оваа година, се очекува да бидат надминати сите технички проблеми со што би обезбедиле еден функционален СУУ/LMS систем на кој непречено ќе може да се следат е-обуките за родова еднаквост.

Исто така, ќе се работи и на подигнување на свеста кај административните службеници за важноста на е-обуките и воопшто на концептот на родова еднаквост, како и секојдневна негова примена во работата на институцијата како и документите кои произлегуваат од истата да се родово сензитивни.

Одобрил: